Друштво за управување со
инвестициски фондови
ИНОВО СТАТУС АД Скопје

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОДОТ КОЈ ЗАВРШУВА НА 31 декември 2020 година

Прилеп, март 2021

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	**1-2**
Финансиски извештаи	
Извештај за сеопфатна добивка	3
Извештај за финансиската состојба	4
Извештај за паричните текови	5
Извештај за промени во главнината	6
Белешки кон финансиските извештаи	7-23

ПЕРК РЕВИЗИЈА
Пелагониска Ревизорска Куќа
ул. „Драган Димески“ бр. 19
7500, П р и л е п
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
моб.:070/208-138;
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Акционерите на
Друштвото за управување со инвестициски фондови
ИНОВО СТАТУС АД Скопје

Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на **Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје** (во понатамошниот текст: „Друштвото“), кои што ги вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2020 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината, Извештајот за паричните текови за периодот која завршува тогаш како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизија за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и

објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликуваат ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиски извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на **Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје** заклучно со 31 декември 2020 година како и неговата финансиски успешност и неговите парични текови за периодот која завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

П р и л е п, 24.03.2021 година

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Пелагониска Ревизорска Куќа
ДОО П р и л е п
Управител

Пецко Ристески

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
на ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ
за годината која завршува на 31 декември 2020

	Белешка	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Приходи од надомести	8	1.546	1.589
Останати оперативни приходи	9	600	600
Трошоци за вработени	10	(1.258)	(1.221)
Трошоци за наемнини	11	(272)	(300)
Амортизација	16	-	(52)
Останати оперативни расходи	12	(405)	(343)
ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)		**211**	**273**
Добивки (загуби) од вложувања			-
Приходи од финансирање		4	3
Расходи од финансирање		-	(3)
ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ			
Расход за данок на добивка	13	-	-
НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ		**215**	**273**
Друга сеопфатна добивка:		-	-
Вкупно друга сеопфатна добивка		-	-
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ		**215**	**273**
Заработувачка (загуба) по акција (Во МКД)	22	**0,98**	**1,25**

Главен Извршен
Директор
Миа Стефановска Зографска

	Белешка	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
СРЕДСТВА			
Парични средства	14	3.873	3.649
Побарувања	15	178	185
Побарувања за данок од добивка		6	5
Вложувања во хартии од вредност за тргување		-	-
Нематеријални средства	16	-	-
Опрема	17	-	-
ВКУПНО СРЕДСТВА		**4.057**	**3.839**
ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА			
Обврски			
Обврски спрема добавувачи	18	54	50
Останати краткорочни обврски	19	-	1
Вкупно обврски		**54**	**51**
Главнина			
Акционерски капитал	20	13.374	13.374
Резерви		-	-
Акумулирана добивка (загуба)		(9.586)	(10.271)
Добивка (загуба) за периодот		215	685
Вкупно главнина		**4.003**	**3.788**
ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА		**4.057**	**3.839**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ на
ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ
за годината која завршува на 31 декември 2020

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Парични текови од оперативни активности		
Парични примања од надомести	2.146	2.187
Исплатени трошоци за вработени	(1.257)	(1.221)
Исплатени трошоци за наемнини	(272)	(300)
Исплатени останати оперативни расходи	(392)	(343)
Платен данок од добивка	-	2
Нето парични текови од оперативни активности	**225**	**325**
Парични текови од вложувачки активности		
Примени камати	-	-
Набавки на софтвери	-	-
Набавки на опрема	-	-
Продажба (стекнување) на хартии од вредност, нето	-	-
Нето парични текови од вложувачки активности	**-**	**-**
Парични текови од финансиски активности		
Искористени / (вратени) заеми	-	-
Уплатен капитал	-	-
Нето парични текови од финансиски активности	**-**	**-**
Нето зголемување (намалување) на парични средства	**225**	**325**
Парични средства на почетокот на годината	**3.649**	**3.324**
Парични средства на крајот на годината	**3.874**	**3.649**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА на
ИНОВО АД СКОПЈЕ
за годината која завршува на 31 декември 2020

	Акционерски капитал	Законски резерви	Акумулирана добивка (загуба)	Вкупно главнина
Во (000) МКД				
Состојба на 1 јануари 2019 година	**13.374**	**-**	**(9.859)**	**3.515**
Сеопфатна добивка				
Добивка / (Загуба) за периодот	-	-	273	**273**
Друго	-	-	-	-
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**273**	**273**
Трансакции со сопствениците				
Нова емисија на акции	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2020 година	**13.374**	**-**	**(9.586)**	**3.788**
Во (000) МКД				
Состојба на 1 јануари 2020 година	**13.374**	**-**	**(9.586)**	**3.788**
Сеопфатна добивка				
Добивка / (Загуба) за периодот	-	-	215	**215**
Друго	-	-	-	-
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**215**	**215**
Трансакции со сопствениците				
Нова емисија на акции	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2020 година	**13.374**	**-**	**(9.371)**	**4.003**

1. Основни податоци и дејност

Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото") претставува акционерско друштво, основано на 22.06.2007 година и запишано во трговскиот регистар на Република Северна Македонија со претежна дејност управување со инвестициони фондови.

Друштвото има добиено Решение за давање одобрение за основање на друштво за управување со фондови од Комисијата за хартии од вредност (КХВ) на ден 08.08.2007 година. На ден 07.12.2009 година, Друштвото има добиено Решение од КХВ за измени и дополнувања на Статутот на Друштвото и усогласување со Законот за инвестициски фондови.

Согласно Статутот, Друштвото врши работи на управување со имотот на инвестициски фондови, рекламирање на фондовите и продажба на удели во фондовите, работи на инвестиционо советување на клиенти како и други административни работи.

Согласно Решението на КХВ и Решението за отворените фондови, Друштвото има право да основа и работи со еден отворен фонд и тоа: ИНОВО СТАТУС АКЦИИ.

Основната главнина на Друштвото заклучно со 31 декември 2014 година изнесува 167,654 илјади МКД. Во текот на 2015 година, врз основа на Решение од Комисија за хартии од вредност, извршено е зголемување на основната главнина на Друштвото согласно Законот за хартии од вредност, преку издавање на дополнителни 50,000 обични акции, во вкупен износ од 50,000 ЕУР, со што вкупниот капитал на Друштвото изнесува 217,654 ЕУР, односно 217,654 обични акции, по номинална вредност од 1 евро. Зголемувањето на основната главнина е регистрирано во надлежните институции во месец Јули 2015 година.

Адресата на Друштвото е ул. Македонија број 27/2-13, 1000 Скопје.

Вкупниот број на вработени со 31 декември 2020 година изнесува 3 вработени (31 декември 2019: 3 вработени).

2. Основа за составување на финансиски извештаи

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 24, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за водење сметководство (Сл. весник 159/2009), применливи од 1 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за периодите кои завршуваат на 31 декември 2020 и 31 декември 2019 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност освен вложувањата во хартии од вредност за тргување кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност.

2.3. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои што не можат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, објективната вредност на вложувањата и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била заснована проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

2.4. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

3.1. Приходи

Признавање на приходите

Приходите од провизии претставуваат провизии кои произлегуваат од основната дејност на Друштвото, а тоа е провизија за управување со отворените инвестициски фондови, како и влезна и излезна провизија од клиентите на инвестициските фондови. Приходите од провизии се признаваат доколку е веројатно дека идни економски користи ќе бидат прилив за Друштвото и кога истите може веродостојно да се измерат.

Приходите од камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кои се однесуваат, независно дали се наплатени или не.

Приходите од дивиденди кои не произлегуваат од вложувања евидентирани според методот на главнина, се признаваат кога ќе се утврдат правата на акционерите за примање на истите.

Капиталната добивка од извршени тргувања со хартии од вредност во свое име и за своја сметка нето од капиталната загуба, се признава кога истата ќе се реализира односно трансакцијата ќе се заврши.

3.2. Расходи

Признавање на расходите

Расходите произлегуваат од основната дејност на Друштвото, настанати заради вршење на услугите во текот на годината и се признаваат доколку е веројатно дека Друштвото има сегашна обврска и истата може веродостојно да се измери.
Расходите за камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кои се однесуваат истите, независно дали се платени или не.

3.3. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на извештајот за финансиска состојба.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута, во нивната денарска противвредност се искажани во извештајот за сеопфатна добивка како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31 декември 2020 и 31 декември 2019, се следните:

	31 декември 2020	31 декември 2019
1 ЕУР	61,694 МКД	61,485 МКД

3.4. Данок на добивка (тековен и одложен)

Данокот на добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот на добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок на добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Тековниот данок на добивка се пресметува врз основа која претставува остварената добивка пред оданочување зголемена за трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци) и помалку искажани приходи со поврзани лица. Данокот на добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2019: 10%).

Одложениот данок на добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност за целите на финансиско известување. Одложените

даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночни стапки кои биле на сила и имаат правно дејстово на датумот на билансот на состојба.

3.5. Заработувачка (загуба) по акција

Друштвото ја прикажува основната заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обичните акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

3.6. Парични средства

Паричните средства се водат во извештајот за финансиска состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајната, парични средства на денарски и девизни сметки во банки и денарски депозити по видување.

3.7. Побарувања од купувачи

Побарувањата се евидентираат во моментот кога настануваат побарувања за управувачка, влезна и излезна провизија во инвестициските фондови со кои управува Друштвото. Побарувањата се признаваат во висина на нивната номинална вредност намалена за евентуалната исправка на вредноста поради нивна ненаплатливост, односно во висина на нивната надоместлива вредност.

3.8. Вложувања во хартии од вредност

Друштвото вложувањата во хартии од вредност ги категоризира како вложувања кои се чуваат за тргување. Вложувањата кои се чуваат за тргување се оние кои се стекнати главно за целите на генерирање на добивка од краткорочни флуктуации на цената.

Почетно, вложувања за тргување се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквивалентите на парични средства платени за нивната набавка.

Последователно, овие вложувања се мерат според објективната вредност определена според последната просечна пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата кои се чуваат за тргување се признаваат во добивката или загубата за периодот во кој се јавуваат.

3.9. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

(1) Општа објава

Почетно, НПО се евидентираат според нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивно ставање во употреба. Последователно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и било какво оштетување на вредноста.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

(2) Амортизација

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 31 декември 2020 година во однос на 31 декември 2019 година се следните:

	31.12.2020	31.12.2020	31.12.2019	31.12.2019
Компјутерска опрема	25 %	4 години	25 %	4 години
Канцелариски мебел	20 %	5 години	20 %	5 години

3.10. Нематеријални средства

Едно средство се признава за нематеријално кога е сигурно дека субјектот го поседува истото, може да го идентификува и нема физичка содржина.

Почетното мерење на едно нематеријално средство е според неговата набавна вредност која ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, а тоа се износот на исплатени парични средства или еквиваленти на парични средства во моментот на неговото стекнување. Последователно, нематеријалните средства се признаваат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Амортизацијата на нематеријалните средства претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. Стапката на амортизација изнесува 10% годишно.

3.11. Обезвреднување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста од нивно обезвреднување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно обезвреднување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена

вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се обезвреднети. Загубата поради обезвреднување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

3.12. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачите се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Обврските спрема добавувачите се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување при што се товарат останатите приходи.

3.13. Капитал

(1) Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

(2) Откупени сопствени акции

Акциите кои се издадени од страна на Друштвото и кои ги поседува Друштвото се третираат како сопствени (трезорски) акции, се признаваат по нивната набавна вредност и се презентираат како намалување на капиталот на Друштвото.

(3) Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоредување на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

3.14. Наеми

Наемите со кои се пренесуваат на Друштвото сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на изнајменото средство се признаваат како финансиски наеми, при што средството се евидентира според неговата објективна вредност или доколку е таа пониска, по сегашната вредност на минималните плаќања за наемот.

Наемите каде што значаен дел од ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста се задржани од страна на наемодавателот, се класифицираат како оперативни наеми. Плаќањата за наем при оперативен наем се искажуваат во извештајот за сеопфатна добивка на рамномерна основа за времетраењето на

наемот во евиденцијата на наемателите. Наемодавателите ги презентираат средствата кои се предмет на оперативен наем во извештајот за финансиска состојба како средства наменети за издавање или како вложувања во недвижности.

Во текот на разгледуваниот период Друштвото има користено простор под оперативен наем како наемател.

3.15. Користи на вработените

Користи на вработените се сите форми на надоместоци кои ги дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

(1) Краткорочни користи за вработените
Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платените отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

(2) Користи по престанок на вработувањето
Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националните фондови. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Друштвото нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи.

3.16. Резервирања

Резервирања (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваквата обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било кое резервирање се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервирањата се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

3.17. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минат настан, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото.

Неизвесните обврски не се признаваат во финансиските извештаи, туку само се обелоденуваат. Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

4. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

4.1. Пазарен ризик

Ризик од промени на курсевите

Друштвото не влегува во значајни трансакции во странска валута со кои истото би се изложило на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој вид на ризик со оглед дека во Република Северна Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој ризик. Друштвото не е значајно изложено на можните флуктуации на странските валути кои сепак се ограничени поради фактот што најголем број трансакции се во Евра, чиј валутен курс се смета за релативно стабилен.

Ризик од промени на цените

Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретните вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цените на вложувањата во хартии од вредност.

4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите стасани обврски за плаќање. Друштвото нема изложеност на кредитен ризик за побарувањата од Фондот со кој тоа управува, додека за останатиот дел кој вклучува инвестиционо советување постои соодветен кредитен ризик.

4.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото нема вакви финансиски инструменти

договорени по варијабилни каматни стапки, може да се каже дека не постои изложеност спрема ваков вид на ризик (2019: нема).

4.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа достсаните обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик Друштвото го надминува со константно обезбедување на потребна готовина за сервисирање на своите обврски.

5. Утврдување на објективна вредност

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои вклучуваат побарувања од купувачи, вложувања во хартии од вредност и обврски кон добавувачи, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на извештајот за финансиска состојба.

6. Финансиски инструменти

6.1. Ризик на финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење со сопствени средства како и со користење на позајмици од други друштва. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа.

Со состојба на 31.12.2020 година Друштвото нема долгови по основ на заеми (31 декември 2019: нема).

6.2. Ризик од девизни валути

Друштвото влегува во ограничен и мал број на трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки на средства или услуги на странски пазари, при што истото се изложува на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

Со состојба на 31.12.2020 година, Друштвото нема изложеност на финансиски обврски во странска валута (2019: нема).

6.3. Ризик од промени на каматите

Друштвото се изложува на ризик од промена на каматните стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годините е како што следува:

	31 декември 2020	31 декември 2019
Финансиски средства		
Некаматоносни:		
- Парични средства	-	-
- Побарувања од купувачи	178	185
- Останати побарувања	-	-
	178	**185**
Каматоносни со променлива камата:		
- Парични средства	3.873	3.648
	3.873	**3.648**
ВКУПНО финансиски средства:	**4.051**	**3.833**
Финансиски обврски		
Некаматоносни:		
- Обврски кон добавувачи	*54*	*50*
- Останати обврски	-	-
	54	**50**
Каматоносни со варијабилна камата:		
Обврски по заеми	-	-
	-	**-**
ВКУПНО финансиски обврски:	**54**	**50**

6.4. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2020 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 месици	3-12 месеци	Над 12 месеци	Вкупно
Парични средства	3.873	-	-	-	3.873
Побарув. од купувачи	178	-	-	-	178
Останати побарувања	-	-	-	-	**-**
	4.051	**-**	**-**	**-**	**4.051**
Обврски кон добавув.	54	-	-	-	**54**
Останати обврски	-	-	-	-	**-**
	54	**-**	**-**	**-**	**54**

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2019 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 месеци	3-12 месеци	Над 12 месеци	Вкупно
Парични средства	3.648	-	-	-	**3.648**
Побарув. од купувачи	185	-	-	-	**185**

Останати побарувања	-	-	-	-	-
	3.833	**-**	**-**	**-**	**3.833**
Обврски кон добавув.	50	-	-	-	**50**
Останати обврски	-	-	-	-	**-**
	50	**-**	**-**	**-**	**50**

7. Сегментно известување

Со оглед на својата големина и активности, Друштвото во текот на своето работење не е организирано во посебни сегмени ниту како деловни (бизнис) сегменти, ниту како географски сегменти. Поради ова, не се врши сегментно презентирање на работењето на Друштвото.

8. ПРИХОДИ ОД НАДОМЕСТИ

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Приходи од управувачка провизија	1.544	1.589
Приходи од влезна провизија	3	-
Приходи од излезна провизија	-	-
Вкупно	**1.547**	**1.589**

9. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Приходи од инвестиционо советување	600	600
Приходи од отпис на обврски	-	-
Вкупно	**600**	**600**

Приходите од инвестиционо советување произлегуваат од склучен договор за инвестиционо советување со едно друштво за осигурување на месечен износ од 50 илјади МКД. Договорот е склучен на неодредено време.

10. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Бруто плати на вработени	1.234	1.166
Трошоци за користење на сопствено возило	25	24
Регрес	24	22
Трошоци за стручно образование	6	5
Трошоци за службен пат	-	4
Вкупно	**1.289**	**1.221**

11. ТРОШОЦИ ЗА НАЕМНИНИ

Трошоците за наемнина во износ од 272 илјади МКД потекнуваат од користен деловен простор под оперативен наем во текот на периодот за извршување на активностите на Друштвото. Договорот за кирија (наем) е склучен заклучно до 01.12.2020 година, а износот на месечна кирија изнесува од 350 ЕУР во нето износ.

12. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Трошоци за интелектуални услуги	-	7
Трошоци за комунални услуги	6	39
Трошоци за ревизија (интерна и екстерна)	84	84
Трошоци за сметководство	90	90
Трошоци за берза, ЦДХВ и КХВ	45	24
Трошоци за телекомуникациски услуги	60	60
Останати расходи	91	39
Вкупно	**376**	**343**

13 ДАНОК НА ДОБИВКА

Согласно даночните прописи Друштвото спаѓа во групата на даночни обврзници кои имаат вкупен приход до 3.000 илајди МКД. Тековниот данок од добивка се пресметува на основа која ги престаува вкупните приходи на Друштвото. Данокот на добивка се пресметува со примена на вазечката стапка на датумот на извештајот за финансиската состојба од 1%.Согласно даночните прописи овие Друштва се ослободени од плаќање на оваа обврска.

14. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Денарски сметки во банки	1.397	1.177
Благајна	-	1
Девизни сметки во банки	2.476	2.471
Вкупно	**3.873**	**3.649**

15. ПОБАРУВАЊА

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Побарувања за провизија од Фондот	128	135
Побарувања за инвестиционо советување	50	50
Вкупно	**178**	**185**

16 НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Набавна вредност		
Состојба на 1 јануари	**522**	**522**
Набавки	-	-
Усогласувања	-	-
Состојба со 31 декември	**522**	**522**
Акумулирана амортизација		
Состојба на 1 јануари	**522**	**470**
Амортизација	-	52
Состојба со 31 декември	**522**	**522**
Сегашна вредност на 31 декември	**-**	**-**

Нематеријалните средства во целост се состојат од купен софтвер за обавување на активностите на Друштвото и тоа софтвер за администрација на инвестицискиот фонд.

17. ОПРЕМА

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Набавна вредност		
Состојба на 1 јануари	**333**	**333**
Набавки	-	-
Исправки и отуѓувања	-	-
Состојба со 31 декември	**333**	**333**
Акумулирана амортизација		
Состојба на 1 јануари	**333**	**333**
Амортизација	-	-
Исправки и отуѓувања	-	-
Акумулирана амортизација на 31 декември	**333**	**333**
Сегашна вредност на 31 декември	**-**	**-**

Друштвото не располага со сопствен недвижен имот и затоа користи деловен простор под оперативен наем (Белешка 11). Опремата се состои од набавена компјутерска и деловна опрема за обавување на активностите.

18. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Обврски спрема добавувачи во земјата	54	50
Вкупно	**54**	**50**

19. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
Обврски за нето плати	-	-
Обврски за даноци и придонеси од плати	-	-
Останати обврски	-	1
Вкупно	**-**	**1**

20. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

Во текот на 2015 година, врз основа на Решение од Комисија за хартии од вредност, извршено е зголемување на основната главнина на Друштвото согласно Законот за хартии од вредност, преку издавање на 50,000 обични акции од четврта емисија, во вкупен износ од 50,000 ЕУР, со што вкупниот капитал на Друштвото изнесува 217,654 ЕУР, односно 13,374 илјади МКД.

Зголемувањето на основната главнина е регистрирано во надлежните институции во месец јули 2015 година.

Сопственици на Друштвото се следните акционери:

	Број на акции	% на учество
ЕЈ СИ ЕМ Консулт ЕООД, Бугарија	217.654	100,00%
	217.654	**100,00%**

21. ЗАРАБОТУВАЧКА (ЗАГУБА) ПО АКЦИЈА

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2020 (000) МКД
Нето добивка (загуба) која им припаѓа на имателите на обични акции	215	273

	број на акции	
	31.12.2020	**31.12.2020**
Издадени обични акции на 1 јануари	**217.654**	**217.654**
Издадени нови обични акции	-	-
Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември	**217.654**	**217.654**
Заработувачка (загуба) по акција (во МКД)	**0,98**	**1,25**

22. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

Друштвото не се јавува како тужена странка во судски постапки, ниту пак има дадени било какви гаранции на други друштва.

23. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По датумот на составување на Извештајот за финансиската состојба до датумот на предавање на ревизорскиот извештај постои материјално значаен настан а кој би требало да биде обелоденет во оваа белешка и тоа : На ден 01.03.2021 година склучен е договор за закуп на деловен простор со нето месечна закупнина од 350 еура и со важност од 01.12.2020 година до 01.12.2021 година.

24. ОПЕРАТИВНИ НАЕМИ

Износот на идни плаќања по основ на склучени договори за оперативни наеми е како што следува:

	31.12.2020 (000) МКД	31.12.2019 (000) МКД
До 1 година од датум на известување	258	250
Од 1 до 3 години	-	-
Вкупно	**258**	**250**

25. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Друштвото е поврзано со своите акционери.

Заклучно со 31 декември 2020 година, Друштвото нема обврски спрема акционерот ЕЈ СИ ЕМ Консулт, ЕООД Софија (31.12.2019: нема обврски).

Нема исплати на клучниот раководен персонал (членови на Одбор на директори).

Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето, во согласност со одредбите од ЗТД

Во согласност со член 476 став 4 од Законот за трговски друштва, Годишната сметка која ја изготвуваат Друштвата вклучува Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Годишната сметка и финанискиот извештај кои се однесуваат на иста деловна година и кои се подготвени во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва и прописите за сметководство, треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите и расходите, главнината, остварената добивка односно загуба на Друштвото за деловоната година.

Во согласност со член 477 став 6 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Друштвото, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи, е должен, по завршување на секоја деловна година да изготви и Извештај за работењето на Друштвото со содржина определена во членот 384 став 7 од ЗТД.

Во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка, истата се состои од Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки. Разлики во начинот на презентирање на ставките во обрасците на Годишната сметка и ставките во финансиските извештаи подготвени според Правилникот за водење на сметководство не се појавуваат.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работењето се дадени во Додатоците 2 и 3.

Управителот на Друштвото го изготвил и потпишал Годишниот извештај за работењето.

Годишна сметка

- **Извештај за финансиската состојба**
- **Извештај за сеопфатна добивка**

ЕМБС: 06255582
Целосно име: Друштво за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2020

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
36	- - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	4.057.152,00			3.838.636,00
45	- - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	184.048,00			190.627,00
46	- - Побарувања од поврзани друштва	128.527,00			135.106,00
47	- - Побарувања од купувачи	50.000,00			50.000,00
49	- - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	5.521,00			5.521,00
59	- - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	3.873.104,00			3.648.009,00
60	- - Парични средства	3.873.104,00			3.648.009,00
63	- - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	4.057.152,00			3.838.636,00
65	- - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	4.002.978,00			3.787.741,00
66	- - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	13.373.922,00			13.373.922,00
75	- - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА	957.830,00			684.863,00
76	- - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)	10.544.011,00			10.544.011,00
77	- - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	215.237,00			272.967,00
81	- - Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	54.174,00			50.895,00
95	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	54.174,00			50.895,00
97	- - Обврски спрема добавувачи	53.508,00			50.229,00

99	- - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати	666,00			
101	- - Тековни даночни обврски				666,00
111	- - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	4.057.152,00			3.838.636,00

Биланс на успех

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
201	- - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)	2.146.299,00			2.189.369,00
202	- - Приходи од продажба	2.146.299,00			2.189.369,00
207	- - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)	1.935.674,00			1.916.076,00
208	- - Трошоци за суровини и други материјали	26.826,00			29.758,00
211	- - Услуги со карактер на материјални трошоци	349.472,00			389.792,00
212	- - Останати трошоци од работењето	302.047,00			256.523,00
213	- - Трошоци за вработени (214+215+216+217)	1.257.329,00			1.187.766,00
214	- - Плати и надоместоци на плата (нето)	834.060,00			780.000,00
215	- - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	70.728,00			65.328,00
216	- - Придонеси од задолжително социјално осигурување	328.995,00			320.640,00
217	- - Останати трошоци за вработените	23.546,00			21.798,00
218	- - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства				52.237,00
223	- - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)	4.652,00			3.079,00
224	- - Финансиски приходи од односи со поврзани друштва (225+226+227+228)	4.652,00			3.079,00
227	- - Приходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва	4.652,00			3.079,00
234	- - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)	40,00			3.405,00
235	- - Финансиски расходи од односи со поврзани друштва (236+237+238)	40,00			3.405,00
236	- - Расходи по основ на камати од работење со поврзани друштва				13,00
237	- - Расходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва	40,00			3.392,00

246	- - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)	215.237,00			272.967,00
250	- - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	215.237,00			272.967,00
255	- - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	215.237,00			272.967,00
257	- - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	3,00			3,00
258	- - Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12,00			12,00
259	- - ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОД	215.237,00			272.967,00
260	- - Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	215.237,00			272.967,00
269	- - Добивка за годината	215.237,00			272.967,00
288	- - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	215.237,00			272.967,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
626	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси дадени на нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата (< или=АОП 006+АОП 017+АОП 030+ АОП 046+ АОП 047+АОП 048 ОД БС)	178.527,00			185.106,00
631	- - Основна главнина (сопственички капитал) во удели поседувани од други трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата (< или =АОП 065 од БС)	4.002.978,00			3.787.741,00
635	- - Обврски по основ на набавка на стоки и услуги и аванси (краткорочни трговски кредити) примени од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата(< или =АОП 096+АОП 097+ АОП 098+АОП 108 ОД БС)	53.508,00			50.229,00
638	- - Останати обврски кон органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или=АОП 092+АОП 093+АОП 094+ АОП 099+ АОП 101+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС)	666,00			666,00
640	- - Приходи од продажба на стоки и услуги (АОП 641+ АОП 642) (< или = АОП 202 од БУ)	2.146.299,00			2.189.369,00

642	- - Приходи од продажба на услуги (< или = АОП 202 од БУ)	2.146.299,00			2.189.369,00
668	- - Трошоци за суровини и материјали (< или = АОП 208 од БУ)	26.826,00			
671	- - Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ)	1.205,00			930,00
674	- - Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ)	1.248,00			491,00
675	- - Вода (< или = АОП 208 од БУ)	2.284,00			
676	- - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ)	24.373,00			28.337,00
682	- - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	57.699,00			60.088,00
686	- - Наемнини за деловни простории во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	272.020,00			300.371,00
695	- - Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ)	23.546,00			21.798,00
711	- - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ)	20.688,00			21.934,00
712	- - Даноци кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ)	4.000,00			23.869,00
717	- - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ)	186.178,00			177.548,00
722	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	3,00			3,00
723	- - Просечен број на вработени во седиштето на субјектот врз основа на состојбата на крајот на месецот	3,00			3,00
724	- - Број на подружници во кои се врши дејност, без седиштето на субјектот	1,00			1,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
2489	- 66.30 - Дејности на управување со фондови	2.150.951,00			

Потпишано од:

SUZANA KUZMANOSKA
suzana.kuzmanoska@gmail.com
CN=KibsTrust Qualified Certificate Services, OU=Class 2 Managed PKI Individual Subscriber CA, OU=Symantec Trust Network, O=KIBS AD Skopje, C=MK

KibsTrust Qualified Certificate Services

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Годишен извештај за работењето

ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ

Извештај за работа на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје во 2020 година

Скопје, Март 2021 година

1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје во 2020 година, ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеле на работењето на Друштвото во 2020 година, основните карактеристики на управувањето со Фондот, осврт на резултати од управувањето со Фондот, акти на Друштвото, преземените активности за промоција на Друштвото и едукација на пошироката јавност, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка во 2020 година.

2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во 2020 година големо влијание на пазарот на капитал имаше здравствена криза предизвикана од вирусот Ковид 19. Индексите во светот воопшто беа шаренолики, индексите од европските берзи имаа пад од околу 4 до 5 %, берзите во Америка (УСА) беа со раст околу 16 %, индексите во Јапонија имааа годишен раст од околу 16 %. Берзите од Индија имаа раст околу 16 %, берзите во Кина имаа раст на индексите околу 27 %, додека берзите во Бразил имаа раст околу 3 %. Во 2020 година берзите во Русија забележаа пад на индексите од околу 10%. Цените на акциите од Македонската берза имаа раст, така МБИ10 пораснаа за 1,20%, а индексот на обврзници ОМБ имаше раст од 0,08%. Индексите на берзите во регионот беа намалени, така индексот на Бугарската берза SOFIX покажа пад од 21,23%, индексот на Српската берза Belexline покажа пад од 9,31%, индексот на Црногорската берза покажа пад од 9,43%. Активата на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции во оваа година беше изложена на Македонската берза, Бугарската берза, Српската и Црногорската берза. Приносот на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции за 2020 беше негативен и изнесуваше -4,58 %.

3. УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОТ

3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на управувањето со Фондот во 2020 година се:

- Нето имотот на Фондот заклучно со 31.12.2020 година изнесуваше 61.440.200,80 денари, односно 995.886,16 евра.
- Во 2020 година беа поднесени 3 барања за купување на удели, додека за откуп на удели беа поднесени 3 барања, а вкупно издадени потврди за купување на удели беа 33 и потврди за откуп на удели 3.
- Уделот заклучно со 31.12.2020 година изнесуваше 35,0457ден.
- Структурата на портфолиото на хартии од вредност изнесуваше: 69,3705 % во акции, 21,4248 % во обврзници и 9,2047% во пари и паричен еквивалент.
- Структурата на портфолиото на хартии од вредност на 31.12.2020 се состоеше од акции од домашни акционерски друштва со вкупно учество од 30,2287% од вкупните средства, акции од странски акционерски друштва со вкупно учество од 39.1418% од вкупните средства, домашни обврзници со вкупно учество од 0,3880% од вкупните средства и корпоративни обврзници од странство со вкупно учество од 21,0368% од вкупните средства.
- Учеството на домашните акционерски друштва во портфолиото на фондот на 31.12.2020 е следно: акциите на Стопанска банка АД Битола со 1,3406% од вкупните средства, Комерцијална Банка АД Скопје со 2,3761% од вкупните средства, Стопанска Банка АД Скопје со 4,3517% од вкупните средства , ТТК АД Скопје со 2,7363% од вкупните средства, Макпетрол АД Скопје со 4,5423% од вкупните средства, Аутомакедонија АД Скопје со 0,5541% од вкупните средства, Скопски Пазар АД Скопје со 0,5845% од вкупните средства, Гранит АД Скопје со 1,5768% од вкупните средства, АДИНГ АД Скопје со 1,2148% од вкупните средства, Усје АД Скопје со 0,4221% од вкупните средства, Бетон АД Скопје со 0,9235% од вкупните средства, Раде Кончар АД Скопје со 2,2888% од вкупните средства, Алкалоид АД Скопје со 3,3235% од вкупните средства, ЗК Пелагонија АД Битола со 0,2192% од вкупните средства, Жито Вардар АД Велес 0,0000% од вкупните средства, Фабрика за квасец и алкохол АД Битола 0,3381 од вкупните средства, Арцелормиттал Скопје (ХРМ) со 0,0046% од вкупните средства, Макстил АД Скопје со 0,1842% од вкупните средства, Тетекс АД Тетово со 1,4785% од вкупните средства, Хотели Метропол АД Охрид 0,4838% од вкупните средства, РЖ Техничка контрола АД Скопје со 0,6313% од вкупните средства и РЖ Услуги АД Скопје со 0,6631% од вкупните средства.
- Учеството на домашните државни обврзници во портфолиото на фондот на 31.12.2020 е следно: РМДЕН11 со 0,3880% од вкупните средства.

- Учеството на странските акционерски друштва во портфолиото на фондот на 31.12.2020 е следно: Нафтена Индустрија Србије а.д. Нови Сад 0,5485% од вкупните средства, Црногорски Телеком АД Подгорица 0,1873% од вкупните средства, Југопетрол А.Д. Котор Црна Гора 0,4497% од вкупните средства, Делта Кредит АДСИЦ- Бугарија со 1,7054% од вкупните средства, Буланд инвестменс РЕИТ АДСИЦ- Бугарија со 8,6805% од вкупните средства, Формопласт АД Крцали -Бугарија со 9,4779% од вкупните средства, Етропал АД Етрополе –Бугарија со 4,5054% од вкупните средства , Еврохолд АД – Бугарија со 5,8813% од вкупните средства, Синететика АД Софија со 3,1947% , ССЛ Реалити РЕИТ-Софиа-ERQ (Старо име Експат имоти) 3,6463% и Фјучарс капитал АД Софиа-5FC 0,8647%.
- Учеството на странските корпоративни обврзници во портфолиото на фондот на 31.12.2020 е следно: GCON (издадеан од ЏиПиЕС Контрол -Бугарија) 2,5431% од вкупните средства, OSYA (издадена од Синтетика-Бугарија) 2,2131% од вкупните средства, BULA(издадена од Булгарплод -Бугарија) 2,9692% од вкупните средства, S28H (издадена од Старком холдинг-Бугарија) 3,1303% од вкупните средства, 9RTD (издадена од Хипо кредит АД Софија -Бугарија) 1,4649% од вкупните средства , 8AVA (издадена од Бобов Дол-Бугарија) 2,8157% од вкупните средства и 8AVA (издадена од Астерион Булгарија ЛТД-Бугарија) 1,7165% од вкупните средства, POW 1 (издадена од Power Logistics Ltd-Бугарија) 2,4178од вкупните средства и 5V2C (издадени од Холдинг Варна-Бугарија) 1,7663% вкупните средства.

Со цел согледување на резултатите од управувањето со Фондот во периодот 01.01-31.12.2020 година во продолжение се презентира и табеларен приказ:



Структура на портфолиото на 31.12.2020 на о.и. Иново Статус Акции
0,20%
9,01%
30,23%
21,04%
0,39%
39,14%
Акции -домашни акционерски друштва 30,23%
Обврзници -домашни-државни 0,39%
Акции-странски акционерски друштва 39,14%
Обврзници -странски - кропративни 21,04%
Побарувања 0,20%
Пари и паричен еквивалент 9,01%


Нето вредност на имотот на фондот (ден) по квартали - 2020 година
63.000.000,00
62.000.000,00
61.000.000,00
60.000.000,00
59.000.000,00
58.000.000,00
57.000.000,00
56.000.000,00
58.727.285,36
60.640.471,96
62.505.056,30
61.440.200,80
Q1 2020
Q2 2020
Q3 2020
Q4 2020

4.СОСТАВ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ

Во 2020 година, Друштвото ги остваруваше своите активности преку органите на Друштото и тоа: Собрание на акционери и Одбор на директори и тоа:

4.1. Собрание на акционери брои 1 акционер: ЕЈ СИ ЕМ Консулт ДОО Софија. Собранието на акционери во рамките на своите надлежности ги врши сите работи утврдение со законските прописи и Статутот на Друштвото.

4.2. Одборот на директорите на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје во текот на 2020 година работеше со непроменет состав, и тоа: Претседател на Одборот на директори- Иван Овчаров; извршните директори, Главен Извршен директор- Миа Стефановска Зографска; Извршен директор Благој Митров, Неизвршни членови на Одборот на директори- Јордан Цанов и Олга Јорданова (неизвршен и независен член).

Табела бр.1-Членови на Одбор на директори на Иново Статус АД Скопје

	Иван Овчаров
Возраст	44 години
Пол	машки
Работно место	Извршен директор
Податоци за материјални надоместоци и други права од договори за работа	Деловна тајна
Државјанство	Бугарско
Мандат	2020
Податоци за членување во други органи на управување	Деловна тајна
Податоци за членување во други органи на надзор	Деловна тајна
Надоместок кој го добиваат како членови на Одбор	Не добиваат

	Олга Јорданова
Возраст	54 години
Пол	женски
Работно место	Извршен директор на Актива Капитал АД Софија
Податоци за материјални надоместоци и други права од договори за работа	Деловна тајна
Државјанство	Бугарско
Мандат	2020
Податоци за членување во други органи на управување	Деловна тајна
Податоци за членување во други органи на надзор	Деловна тајна
Надоместок кој го добиваат како членови на Одбор	Не добиваат

	Јордан Цанов
Возраст	55 години
Пол	машки
Работно место	Управител
Податоци за материјални надоместоци и други права од договори за работа	Деловна тајна
Државјанство	Бугарско
Мандат	2020
Податоци за членување во други органи на управување	Деловна тајна
Податоци за членување во други органи на надзор	Деловна тајна
Надоместок кој го добиваат како членови на Одбор	Не добиваат

	Миа Стефановска Зографска
Возраст	44 години
Пол	женски
Работно место	Главен Извршен директор на Иново Статус АД Скопје
Податоци за материјални надоместоци и други права од договори за работа	Нето 457.596 денари годишно

Државјанство	Македонско
Мандат	2020
Податоци за членување во други органи на управување	Не членува
Податоци за членување во други органи на надзор	Не членува
Надоместок кој го добиваат како членови на Одбор	Не добиваат

	Благој Митров
Возраст	60 години
Пол	машки
Работно место	Извршен директор на Иново Статус АД Скопје
Податоци за материјални надоместоци и други права од договори за работа	Нето 361.656 денари годишно
Државјанство	Македонско
Мандат	2020
Податоци за членување во други органи на управување	Не членува
Податоци за членување во други органи на надзор	Не членува
Надоместок кој го добиваат како членови на Одбор	Не добиваат

5. АКТИ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ И ОТВОРЕНИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИНОВО СТАТУС АКЦИИ

Во текот на 2020 година, на почетокот на месец Јануари 2020, согласно со одредбите од Законот за трговските друштва и одредбите од Правилникот за начинот и роковите за врешење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, Друштвото за управување со инвестицискиот фонд Иново Статус АД Скопје на седница на Одборот на директори донесе Извештај за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2019 година на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје со Одлука за усвојување на Извештај за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2019 година. Исто така, во текот на овој период беше донесен и Годишен извештај на Внатрешниот ревизор за 2019 година со Одлука за усвојување на Годишен извештај на Внатрешниот ревизор за 2019 година. Беше донесен и Извештај за извршена внатрешна контрола на работењето со клиенти согласно Програмата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје, со состојба 31.12.2019 година со Одлука за усвојување на Извештај за извршена внатрешна контрола на работењето со клиенти согласно Програмата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје, со состојба 31.12.2019 година.

На почетокот на месец Февруари 2020 година беа донесени и следните предлог одлуки Предлог-Одлука за отповикување на членови на Одборот на директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје АД Скопје, Предлог-Одлука за избор на членови на Одборот на директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје АД Скопје, Предлог -Одлука за свикување на Собрание на акционери на Друштвото, со Предлог-Дневен ред. Истите Предлог-Одлуки беа усвоени од Одборот на директори и доставени до Собрание на акционери за одлучување.

На 06.03.2020 година беше одржано Собрание. На Собранието беа донесени следните одлуки и тоа: Предлог-Одлука за отповикување на членови на Одборот на директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје АД Скопје и Предлог-Одлука за избор на членови на Одборот на директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје АД Скопје. Истите Предлог-Одлуки беа едногласно усвоени и доставени до Комисијата за хартии од вредност за согласност. Истите добија согласност од страна на Комисијата за хартии од вредност.

На ден 06.03.2020 година беше одржана и конститутивна седница на Одбор на директори на која беа донесениследните одлуки: Предлог -Одлука за избор на Претседател на Одбор на директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ и Предлог- Одлука за назначување на извршни директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ. За претседател беше избран г-дин Иван Овчаров, а за Главен извршен директор беше избрана Миа Стефановска

Зографска и за Извршен директор беше избран Благој Митров. На 11.03.2020 година беше донесена и Одлука за назначување на извршен член на Одборот на директори како одговорно лице за усогласеноста на работењето на Друштвото со прописите. Истата беше едногласно усвоена. За истите одлуки беше добиена согласност од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Исто така, во ова полугодие беше одржан и подготвителен одбор за одржување на Годишно собрание на 25.03.2020 година. На тој Одбор беа донесени следните Предлог-Одлуки и Предлог-Извештаи и тоа: Извештај за работа на Друштвото во 2019 година со Предлог - Одлука за одобрување на Извештајот за работа на Друштвото во 2019 година; Годишна сметка на Друштвото за 2019 година со Предлог -Одлука за одобрување на годишната сметка на Друштвото во 2019 година, Финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година, со Предлог -Одлука за одобрување на Финансиските извештаи на Друштвото во 2019 година; Финансиски извештаи на Отворен инвестициски фонд Иново Статус Акции за 2019 година и Извештај за работа на Фондот за 2019, со Предлог - Одлука за одобрување на Финансиските извештаи на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции во 2019 година и Извештај за работа на Фондот за 2019; Извештајот на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото и на финансиските извештаи на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции во 2019 година; Извештај за работа на Одборот на директори на Друштвото во 2019 година со Предлог-Одлука за одобрување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Друштвото во 2019 година; Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната и полугодишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото и на годишните и полугодишните финансиски извештаи на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции за 2020 година со Предлог -Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната и полугодишната сметка и на годишните и полугодишните финансиски извештаи на Друштвото и на финансиските извештаи на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции за 2020 година и Предлог -Одлука за свикување на Собрание на акционери на Друштвото, со Предлог-Дневен ред. Истите Предлог-Одлуки и Предлог-Извештаи беа усвоени од Одборот на директори и доставени до Собрание на акционери за одлучување.

На 27.04.2020 година беше одржано Годишно собрание. На Собранието беа донесени следните Извештаи и Одлуки и тоа: Извештај за работа на Друштвото во 2019 година со Одлука за одобрување на Извештајот за работа на Друштвото во 2019 година; Годишна сметка на Друштвото за 2019 година со Одлука за одобрување на годишната сметка на Друштвото во 2019 година Финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година, со Одлука за одобрување на Финансиските извештаи на Друштвото во 2019 година; Финансиски извештаи на Отворен инвестициски фонд Иново Статус Акции за 2019 година и Извештај за работа на Фондот за 2019, со Одлука за одобрување на Финансиските извештаи на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции во 2019 година и Извештај за работа на Фондот за 2019; Извештајот на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото и на финансиските извештаи на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции во 2019 година; Извештај за работа на Одборот на директори на Друштвото во 2019 година со Одлука за одобрување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Друштвото во 2019 година и Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната и полугодишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото и на годишните и полугодишните финансиски извештаи на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции за 2020 година со Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната и полугодишната сметка и на годишните и полугодишните финансиски извештаи на Друштвото и на финансиските извештаи на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Акции за 2020 година. Сите одлуки беа донесени едногласно. Истите беа доставени до Комисијата за хартии од вредност за информирање.

Во втората половина од 2020 година на седница на Одбор на директори одржана на 24.08.2020 година, Одборот ги усвои полугодишните финансиски извештаи на Друштвото и на Отворениот инвестициски фонд заклучно со 30.06.2020 година. На истата седница беше усвоен и Полугодишен извештај за работењето на Внатрешната ревизија за 2020 година.

На последната седница на Одборот на директори во Декември 2020 година, беше донесена Одлука за вршење на редовен годишен попис (инвентар) на средствата и обврските со состојба на 31.12.2020 година и Комисија за попис. Истата беше разгледана и едногласно усвоена од Одборот на директори. На истата седница беше донесена и Годишна програма и план за работа на Внатрешната ревизија за 2021 година на Друштвото.

6. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

6.1. Софтверскиот пакет за фондовско работење – КОМАНС

Во периодот 01.01.-31.12.2020 г. се користеше апликација на софтверскиот пакет за фондовското работење - КОМАНС.
Ажурирањето на податоците беше на дневно ниво. Извештаи од програмата се вадеа по потреба.
Заштита на податоци (бекап на базата) се прави секојдневно, автоматски на диск медимите.

6.2. Веб страна на друштвото

Во периодот 01.01.-31.12.2020 година веб страната уредно беше ажурирана секој ден.
Активности кои беа спроведувани на дневно ниво се следните:
Внесување на вредноста на уделот.
Внесување на имотот на фондот
Внесување на дневен извештај
Внесување на вести од земјата и странство од областа на економија, бизнис и берзанско работење.

Исто така на веб страната беа внесени и годишниот неривидиран и ревидиран извештај за 2019 година за Фондот и Друштвото, како и каварталниот извештај од првиот квартал за Фондот за 2020 и полугодишниот неревидиран и ревидиран извештај за Фондот за 2020 година.
Во 2020 година повремено е правено back up на податоци на виртуелен диск, како дел од пакетот за телекомуникациски услуги од Македонски телеком, исто така повремено е правен back up на надворешен диск.

6.3. Софтверски апликации за тековно работење

Во периодот 01.01-31.12.2020 година се користеа основните софтверски апликации од MS Office: Word, Excel, Power Point и други. Поединечни текстови беа обработени со Acrobat reader, особено текстовите кои беа ставани на веб стараната со цел при нивно отварање од страна на клиентите и посетителите на веб страната да не се појави проблем во смисла на фонтовска подршка.
За техничка и фундаментална анализа на акциите се користеше претежно Ексел и други соодветни софтверски алатки како и повеќе веб страни.
Во 2020 година користен е електронски потпис со цел праќање податоци кон Комисија за хартии од вредност и Народна банка на Република Македонија преку СРИС апликацијата од Комисијата за хартии од вредност.

6.4. Заштита на податоци и фајлови (Backup)

Во периодот 01.01.-31.12.2020 година се правеше заштита на податоци и тоа:на дневно ниво, на крајот од работниот ден се прави заштита на базата на податоци од КОМАНС.

На неделно ниво се прави заштита на тековните фајлови од сите работни станици (вообичаено фајловите од фолдерите My documents, Desctop и од други фолдери).

Во текот на годината повремено се правеше заштита на податоците на USB и на надворешен диск.

Поради нужноста од непрекинато работење на компјутерскиот систем, на серверот се прави заштита на податоци на софистициран начин со помош на секундарен диск (Мирор) во пероиод од дел на секунда. Во случај на испад на примарниот диск секундарниот останува во функција, така во суштина не постои престанок на работа поради оштетување на податоци или медиуми за памтење на податоци.

7. ПРОМОТИВНИ И ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2020 година, а во согласност со новонастаната состојба со Корона вирусот, следствено со прогласувањето на вонредната состојба, јавноста редовно и навремено се информираше преку ажурирање и дистрибуирање на информациите преку веб страницата на Друштвото, веб страната на Македонската берза.
Промоцијата на Фондот се одвиваше онлине.

8. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020 ГОДИНА

Во периодот од 01.01-31.12.2020 година Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје, оствари вкупен приход во износ од 2.150.951,00 денари.
Најголемиот дел од приходите во износ од 1.543.458,00 денари или 71,757 % од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за управување.

Приходите по основ на влезна провизија изнесуваат 2.841,00 денари и претставуваат 0,132% од вкупните приходи,позитивни курсни разлики изнесуваат 4.652,00 денари или 0,216% и приходите остварени од инвестициско советување изнесуваат 600.000,00 денари или 27,895%.
Вкупните расходи остварени за период од 01.01-31.12.2020 година изнесуваат 1.935.714,00 денари.
Трошоците за бруто плати се реализирани во износ 1.233.783,00 денари и истите учествуваат во вкупните расходи со 63,738%.
Трошоците по основ на колективен договор изнесуваат 48.196,00 денари и претставуваат 2,49% од вкупните расходи за овој период. Овие трошоци се направени за паркинг за сопствено возило 24.650,00 денари, регрес за годишен одмор 23.546,00 денари
Материјалните и слични трошоци изнесуваат 37.472,00 денари или 1,936% од вкупните расходи (трошоци за: весници, хигиена, смет, канцелариски материјал, парно, електрична енергија, радиодифузна такса и слично).
Трошоците за банкарски услуги изнесуваат 20.688,00 денари и истите учествуваат со 1,069% во вкупните расходи. Трошоците за закупнина во износ од 272.020,00 денари (14,053% од вкупните трошоци за услуги). За телефонски услуги направени се трошоци во износ од 59.234,00 денари (3,06%). Останатите трошоци за услуги се направени за користење на: книговодствени услуги 90.000,00 денари, трошоци за ЦДХВ 20.919,00 денари, трошоци за берза 4.130,00, ревизија 43.618,00 денари, внатрешна ревизија 39.996,00, комунална такса за фирма 4.000,00,комисија 24,000,00, нотар 15,450,00 и останати нематеријални трошоци (судски такси и нотарски заверки) 22.168,00 ден.

Амортизација на материјални и нематеријални средства изнесува 00,00 денари.
Негативни курсни разлики изнесуваат 40,00 денари.

* * *

Како резултат од повеќе остварени приходи од расходи, Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје за период од 01.01-31.12.2020 година оствари добивка пред оданочување во износ од 215.237,00 денари.

Пресметан е данок од добивка во износ од 0,00 денари, а остварената загуба по оданочување заклучно со 31.12.2020 година изнесува 10.544.011,00 денари.

Вкупната актива на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје на 31.12.2020 година изнесува 4.057.152,00 денари. Во структурата на активата доминираат најликвидните средства (парични средства, депозити во банки) со 95,46% учество (3.873.104,00 денари). Учеството на основните средства изнесува 0,00% од вкупната актива и истите изнесуваат 0,00 денари, нематеријалните вложувања изнесуваат 0,00 денари побарувањата се 184.048,00 денари или 4,54 % од вкупната актива на друштвото.

Вкупната пасива на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје на 31.12.2020 година изнесува 4.057.152,00 денари и тоа вкупните обврски до 31.12.2020 година изнесуваат 54.174,00 денари, а тоа се обврски кон добавувачи, капитал на основачите во износ од 13.373.922,00 денари, пренесена загуба изнесува 10.544.011,00 денари, акумулирана добивка 957.830,00 и добивка за оваа 2020 година изнесува 215.237,00 денари.

Одбор на директори

Претседател

Иван Овчаров